**Прашања поставени од акционерите на Годишното Собрание на Македонски Телеком одржано на 16.04.2018 година и одговори дадени од страна на Друштвото**

## I. Под II. РАБОТЕН ДЕЛ

**Прашање:** Дали мислењето на Одборот на Директори кој го предлага материјалот за седницата на Собранието треба да биде наведено во Дневниот ред?

**Одговор:**
Во секоја преамбула од собраниските одлуки има повикување на респективната Одлука на Одборот на директори,односно дека сите Одлуки што се предмет на одобрување на оваа седница на Собрание на акционери и предложени со Дневниот ред, се одобрени предходно од страна на Одборот на Директори, освен точката 7(седум) - "Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2017 година", бидејќи за оваа точка Собранието одлучува согласно Законот за трговските друштва, а не по предлог и мислење на Одборот на Директори. Врз основа на горенаведеното во цеост е запазена правната обврска.

## II. По точката 1 од Дневниот ред: Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2017 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Македонија"

**Прашање:** Зошто расходите во 2017 година, како и во 2016 година, се неразумно големи, односно зошто 82% од приходот се расходи и побара детален извештај и објаснување по точката 10 (десет) од Извештајот за Годишната сметка на Друштвото за 2017 година?

**Одговор:** Како што е референцирано во самата Годишна сметка во делот на белешките кон годишната сметка, редната точка 10 упатува на белешка 15 каде што се обелоденети типовите на трошоци споредбено за 2017 и 2016 година. Истата интегрално ја доставуваме во овој одговор.

### 15. УСЛУГИ СО КАРАКТЕР НА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ И РАСХОДИ

| Во денари | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| Плаќања кон оператори | 894.255.895 | 1.043.571.238 |
| Одржување | 542.516.391 | 452.765.777 |
| Услуги | 532.000.414 | 562.384.686 |
| Маркетинг и донации | 316.738.603 | 304.825.938 |
| Такси, давачки и локални даноци | 280.807.467 | 276.203.439 |
| Подизведувачи | 229.254.600 | 278.474.723 |

| | | |
|---|---|---|
| Трошоци за тантиеми | 190.864.056 | 242.091.165 |
| Исправка на вредноста побарувањата | 153.982.007 | 58.025.424 |
| Закупнини | 138.450.551 | 142.975.043 |
| Консултантски услуги | 42.444.647 | 47.116.878 |
| Намалување на вредноста на залихите | 32.876.975 | 24.052.620 |
| Загуба од расход на нетековни средства | 21.227.854 | 44.019.772 |
| Осигурување | 14.327.367 | 11.634.615 |
| Останато | 16.596.503 | 12.642.832 |
| | 3.406.343.330 | 3.500.784.150 |

**Прашање:** Од кога Управата за јавни приходи не извршила контрола на работењето на Друштвото?

**<u>Одговор</u>:**
Во 2016 година, Управата за јавни приходи направила детална проверка и контрола на работењето на Друштвото заклучно со 2015 година, а Друштвото има редовни контроли од страна на Управата за јавни приходи.

**III. По точка 6 од Дневниот ред- Предлог Одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2017 година и утврдување на дивиденден календар**

**Прашање:** Колкав износ ќе биде исплатен за даноци , со цел да бидат запознаени акционерите со износот кој би го добиле како дивиденда?

**<u>Одговор</u>:**
За домашните и странските физички лица исплатата ќе биде со задржување на персонален данок согласно важечките законски прописи на денот на исплата на дивидендата и кој во моментов е 10 (десет) %. За странските правни лица ќе се задржи данок на задршка согласно важечките законски прописи на денот на исплата на дивидендата кој во моментов е 10 (десет) %.

**III. По точка 7 од Дневниот ред- Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2017 година**

**Прашање:** Дали треба да има извештај за работата за секој од членовите на Одборот на директори,како и за целиот Одбор на директори?

**<u>Одговор</u>:**
Во прилог на материјалите за денешната седница на Годишно Собрание, после Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2017година има Информација за учеството на членовите на Одборот на директори на состаноците одржани во

2017 година .Исто така работењето на членовите на Одборот на директори е евидентен и согласно одобрениот Годишен извештај за работењето на Друштвото и финансиските извештаи и смета дека со истото има соодветен материјал за одлучување по предложената точка од Дневниот ред.

## IV. По точка 8 од Дневниот ред - Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Секторот за интерна ревизија на Друштвото за 2017 година

**Прашање:** Кој е Директорот на Секторот за интерна ревизиа?

**Одговор:**
Г-дин Огнен Фирфов е Директор на Секторот за интерна ревизија, кој е избран од страна на Одборот на директори согласно законската обврска.